„Алаховиот Пратеник и јас се бањавме од ист сад, а и двајцата бевме џунуб. Исто така, кога имав менструален циклус, тој ми нареди да го покријам интимниот дел на телото, а потоа интимно се задоволуваше

Од Аиша, мајката на верниците, радијаллаху анха, се пренесува дека кажала: „Алаховиот Пратеник и јас се бањавме од ист сад, а и двајцата бевме џунуб. Исто така, кога имав менструален циклус, тој ми нареди да го покријам интимниот дел на телото, а потоа интимно се задоволуваше. Исто така, кога беше во итикаф, во џамија, тој ја наведнуваше главата (во просторот на Аишината соба), а јас го бањав, а бев во менструален циклус.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аиша, мајката на верниците, во овој хадис известува за некои од интимните моменти кои ги имала со Аллаховиот пратеник, алејхи селам: дека таа и Аллаховиот Пратеник се капеле заедно, земајќи вода од истиот сад. И додека таа била во менструален период, ѝ рекол да го покрие делот на телото од папокот до колената, а потоа интимно се задоволувал со неа без да имаат сексуален однос. Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ја вадел главата надвор (низ отвор) од џамијата, додека бил во итикаф, за Аиша да му ја измие, а таа се била во менструален циклус.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3476